АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr 08-805/1
25.11 2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До
**Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање**

**Предмет:** Забелешки по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам

Почитувани,

Користејќи ја јавната расправа на предлогот за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Агенцијата за супервизија на осигурување оцени дека е корисно да достави забелешки и сугестии во однос на одредени одредби од постојниот Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам и покрај тоа што конкретните одредби не се предмет на измена и тоа:

1. Во членот 15 став (1) од Законот се користи изразот **“извршена повремена трансакција„** во членотот 39 став (1), се користи изразот **“да не изврши трансакција„** а во членот 39 став (2) се користи изразот **„да го одложи извршувањето на трансакцијата”** .

Со цел да се избегне различното разбирање на одредбите на Законот, а со тоа и различната можна примена на истиот, би сакале да укажеме дека во осигурувањето постојат два типа на трансакции:
-уплата на премија на осигурување (кога средствата одат од правното/физичкото лице во Друштвата за осигурување) и
-исплата на штета (по основ на откуп, заем или доживување) по полиса (кога средствата одат од Друштвото за осигурување кон осигуреникот).

Доколку законодавецот во членовите 15 и 39 од законот подразбира под терминот „трансакција” уплата на премија или исплата на штета, да се има предвид дека се остава простор Друштвата за осигурување на живот да ги применуваат горе-споменатите одредби за идентификација на клиентот и во фаза на исплата на штета, односно крајната фаза на договорот, без потреба од раскинување на деловниот однос со клиентот.

Доколку законодавецот во членовите 15 и 39 од законот подразбира под терминот „трансакција” само уплата на премија во осигурување, во тој случај законот е потребно да се допрецизира.

2. Во членот 53 став (5) се предлага изменување и дополнување на зборовите **“вредност на осигурување„** во насока наместо вредност на осигурување да се

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

дополни со уплата на премија по полиса за осигурување на живот во износ еднаков или поголем од 15.000 евра и исплата (по основ на откуп, заем или доживување) еднаква или поголема од 15.000 евра.

3. Согласно одржаниот состанок на 12.08.2019 година меѓу Агенцијата за супервизија на осигурување, Управата за финансиско разузнавање и сите друштва за осигурување на живот беше заклучено дека при следните измени на Законот ќе биде потребно да се исклучат од примената на Законот сите продукти на животно осигурување, кои немаат штедна компонента. Од тие причини посочуваме дека во членот 53, потребно е да се предвиди посебна одредба **исклучок** со кој договорите за осигурување на живот во случај на смрт - **ризико осигурување** ќе се изземат од пријава во УФР, затоа што производот ризико осигурување не содржи штедна компонента, односно уплатената премија не се враќа на клиентот (физичкото лице кое ги уплаќа премиите), а осигурената сума се исплаќа на корисникот (банката од која што физичкото лице земало кредит) и тоа само доколку настапи смрт на клиентот, при што не претставува ризик во смисла на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Агенцијата за супервизија на осигурување стои на располагање за појаснување на овие предлози.

Со почит,

**Извршен член на Советот на експерти,**

Сулејман Ахмеди

Доставено и до:

Министерството за финансии-Сектор за финансиски систем